## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „СЕКОЈДНЕВНИ ВЕЖБИ ЗА КЛАРИНЕТ“ ОД АВТОРОТ ДОЦЕНТ Д-Р БРАНКО ПАВЛОВСКИ ОД МУЗИЧКАТА АКАДЕМИЈА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” - ШТИП

Врз основа на точка 4 од Правилата за издавање на учебници и учебни помагала во електронска форма на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип (Универзитетски гласник број. 23/2012), Наставно-научниот уметнички совет на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип на седницата одржана на 24.6.2014 година донесе Одлука за издавање учебно помагало/скрипта „Секојдневни вежби за кларинет“ од авторот Бранко Павловски по предметот Кларинет и оркестарки делници. За рецензирање на скриптата и за изготвување на извештај е избрана Рецензентска комисија составена од следниве рецензенти:

- проф. м-р Златка Митева, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, Музичка академија;
- проф. д-р Владимир Лазаревски, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, Музичка академија.

По прегледот на ракописот, рецензентите на Наставно-научниот уметнички совет на Музичката академија го поднесуваат следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Ракописот за скриптата со наслов „Секојдневни вежби за кларинет“ е материјал компатибилен со Наставниот план и содржините на предметот Кларинет со оркестарски делници 1-8 кои се изучуваат на Вокално-инструменталниот оддел, насока Кларинет на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип на прв циклус додипломски студии, наменета за семестар 1-8 со фонд на часови 3+2+2 и број на кредити 8.

Ракописот како наставен материјал е подготвен во согласност со студиската програма и барањата кои се поставуваат пред студентите во рамките на предметот Кларинет со оркестарски делници и се однесуваат на подготовката на теоретскиот и практичниот дел од овој предмет.

Приложениот ракопис е методично и концизно учебно помагало, во кое вниманието е насочено кон фундаментите на техниката на свирење на кларинет: тон, прстова техника, стакато. Скриптата на студентите кларинетисти ќе им користи во континуираниот процес на усовршување на инструментот, во основата на кој, пред сè, лежи теоретското знаење.

Овој ракопис е составен од 3 главни дела, од кои секој разработува проблематики кои се однесуваат на основните аспекти од техниката на свирење на кларинет. Во скриптата се претставени одреден број вежби за расвирување дизајнирани да создадат и одржат една силна и фелксибилна амбажура, скали и арпеџа, како и селектирани етиди за специфични проблеми со типични инструкции давани за време на еден индивидуален час. Овој материјал исто така може на студентите кларинетисти да им користи да развијат секојдневна рутина на вежбање. За да станат квалитени исполнители и да го владеат инструментот до совршенство студентите кларинетисти треба систематски да бидат обучувани за што, исто така, ќе им послужи овој материјал.

Ракописот е стручно и научно конципиран и е напишан на разбирлив јазик за студентите на Музичката академија. Квалитетот, прегледноста и естетиката, како и голем број на нотни примери, даваат можност за успешно следење и подготвување на студентот по предметот Кларинет со оркестарски делници.

## З А К Л У Ч О К

Предложениот ракопис претставува одлична основа за подготовка на студентите на Музичката академија за одговор на теоретските и практичните барања по предметот Кларинет со оркестарски делници. Ракописот „Секојдневни вежби за кларинет“ од авторот доц. д-р Бранко Павловски е ракопис кој стручно и научно е соодветно конципиран. Разработените содржини се во согласност со Наставниот план за предметот Кларинет со оркестарски делници 1-8 на додипломски студии на Музичката академија за студентите од Вокално-инструменталниот оддел.

Приложениот ракопис во целост ги задоволува критериумите и условите за издавање на скрипта пропишана според Правилникот за единствени основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

**Рецензентската комисија предлага скриптата со наслов „Секојдневни вежби за кларинет“ од авторот доцент д-р Бранко Павловски да биде објавена како скрипта за потребите на студентите на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. м-р Златка Митева, с.р.**
**Проф. д-р Владимир Лазаревски, с.р.**